ФРОСКА САПУНЦИЕВА ФЉУРИМ ЗУЛФИЈА
ВЕСЕЛИНКА МАЏАРОВА

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ



ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

ФРОСКА САПУНЏИЕВА ФЉУРИМ ЗУЛФИЈА
ВЕСЕЛИНКА МАЏАРОВА

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

### ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



**Издавач:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Автори:**
м-р Фроска Сапунциева
м-р Фљурим Зулфија
Веселинка Маџарова

**Учебникот го уреди:** Веселинка Маџарова

**Рецензенти:**
м-р Жана Димчевска - претседател
Сузана Костовска - член
Наташа Димоска - член

**Компјутерска обработка и графички дизајн:**
Веселинка Маџарова

**Лектор:**
Тодорка Балова

**Стручна редакција:**
Дардан Браими

**Техничко и графичко уредување:**
Арбериа Десигн - Тетово (Куштрим Арифи)

Со одлука на Националната комисија за учебници за основно и средно образование при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, со дел. бр. 26-1202/1 од 30.07.2020 година се одобрува употреба на овој учебник.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
373.3.016:78(075.2)=163.3
САПУНЦИЕВА, Фроска
Музичко образование за VII одделение деветгодишно основно образование [Електронски извор] / Фроска Сапунциева, Фљурим Зулфија, Веселинка Маџарова. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022
Начин на пристапување (URL): https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk. - Текст во PDF формат, содржи 87 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 09.02.2022
ISBN 978-608-273-030-1
1. Зулфија, Фљурим [автор] 2. Маџарова, Веселинка [автор]
COBISS.MK-ID 56323589

## ОБЛОГ

Волфганг Амадеус Моцарт освен што бил генијален композитор, бил и добар човек со исклучително весел карактер и секогаш подготвен за шега.

Еднаш, (во една ситуација) додека бил во друштво со пријателите, се обложил дека може да отсвири акорд кој никој друг на светот не може да го отсвири.



Моцарт напишал таков акорд што се состоел од девет тонови од кои: четири тонови биле на левата страна на клавијатурата, четири на десната страна и еден на средината, толку многу оддалечен од другите тонови што било невозможно да се отсвири. Кога неговите пријатели го виделе акордот напишан, биле убедени дека е невозможно да се исвири таков акорд и се согласиле да се обложат.

Во тој момент, Моцарт пресреќен седнал на столчето до пијаното и со левата рака отсвирил четири тонови на левата страна од клавијатурата, со десната рака четири тонови на десната страна од клавијатурата, а тој, осамениот тон на средината од клавијатурата го отсвирил со носот! Така Моцарт го добил облогот.



## ПАМЕТ ИЛИ ПАРИ

Лудвиг ван Бетовен бил свесен за својата генијалност и бил почитувана и ценета личност во својата земја и надвор од неа. Братот на Лудвиг постојано се занимавал со различни работи, но никако не му одело од рака да се занимава само со една работа и во неа да успее. Но неговиот брат нагло се збогатил занимавајќи се со нелегални работи и гордеејќи се со себеси поради богатството, на Лудвиг му испратил визит-карта на која пишувало: „Јохан ван Бетовен посредник за недвижности“. На ова Лудвиг му одговорил: „Лудвиг ван Бетовен, посредник за памет“.



***УЖИВАЈТЕ ВО МУЗИКАТА УЧЕЈЌИ ЗА НЕА!***

## ДРУГАРСТВО (ПО СЛУХ)

Музика и текст: Веселинка Маџарова




Има нешто убаво
в срце што се крие.
Барај го, пронајди го,
нека живее!

Рефрен: Другарство е знај да се помогне
другарот те прави посреќен зар не?
Најди си другарче и дели сè
чувај го друграството нека живее.



# ВО ПРИРОДАТА

Музика: Јохан Себастијан Бах



**Во природата**

Колку сакам птичји звук,
штом ќе чујам глас од славеј мал.

Сакам шуми, реки, поле,
сакам вечен живот волен.

Сакам песни, птици в лет,
јас го сакам овој свет.

**Në natyrë**

Dua zogjt kur cicërojn'
kur dëgjoj t'voglin trumcak.

Dua pyje, lumej, fusha,
gjithmon dua jetën e dashur.

Dua këngën t'zogjve n'fluturim,
sa e dua unë kët bot'

**Ilk baharda**

Severim ben
kuş sesi.
Bülbül sesini
duyunca ben.

Orman ister
nehir vadi.
Severim
sonsuz hayatı.

Şarkı sever
uçan kuşu.
Severim ben
Güzel dünyayı

**Ах, што волим**

Ах, што волим песме звук,
волим благе ноћи тихи мук.

Волим шуму, реку, поље,
ја сам увек добре воље.

Волим сунце, волим гај,
Волим драги родни крај.

Волим игре, шале све,
ал' не волим људе, људе зле.

Волим оца, мајку милу,
доброг брата, сестру чилу.

Волим цвеће, птица лет,
Волим, волим читав свет.

# ЧЕТВРТИНА НОТА СО ТОЧКА



Кога покрај нотната глава, од десната страна ќе напишеме точка, тогаш траењето на нотата се продолжува за половина од нејзината вредност.

Четвртината нота со точка трае еден и половина удар.



Четвртината нота трае еден удар, а нејзиното продолжување со точка е во вредност од една осмина која трае половина удар.

Вежба бр. 1



Вежба бр. 2



Вежба бр. 3



Вежба бр. 4



**Задача**

- Вежбите број 1, 2 и 3 отсвирете ги на детски ритмички инструменти.

# ДЕТСКА ЖЕЛБА (ПО СЛУХ)

Музика и текст: Фроска Сапунциева




Со радост, љубов да порачаме
гладни и жедни да немаме,
за добри дела да се фатиме,
детството да го вратиме.

Рефрен: Со желба наша силна,
да има мирен сон
со песна оро ширно
да екне силен ѕвон.



## ПОДЕЛБА НА НАРОДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

Секој народ има свои народни инструменти со специфични карактеристики на изработка. Народните инструменти водат потекло од примитивните инструменти, кои најпрво биле изработувани од животински коски, дрво, кората од плодовите и од камен. Со развојот на човекот и инструментите почнале да се обликуваат и континуирано да се усовршуваат, а за тоа сведочат сликите што се среќаваат во внатрешноста на пирамидите.





### ПОДЕЛБА НА НАРОДНИТЕ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**ДУВАЧКИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ**

Во групата на дувачки народни инструменти припаѓаат:
- гајда
- зурла
- кавал
- шупелка
- дудук
- двојанка

Звукот се добива со дување во инструментот.

**ЖИЧЕНИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ**

Во групата на жичени народни инструменти припаѓаат:
- тамбура
- ќемане
- ут
- канон
- чифтелија
- лаута
- ѓурасаз

Звукот се добива кога со прстите се притиска на жиците, а со другата рака се влече по жиците.

**УДАРНИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ**

Во групата на ударни народни инструменти припаѓаат:
- тапан
- тарабука
- дајре

Звукот се добива со удирање по инструментот.

Народните инструменти во минатото, па и денес се изработуваат од природни материјали што луѓето ги наоѓале во својата непосредна околина.

Повеќето народни инструменти кај различни народи се исти, но со различно име или, пак, со мали промени во изработката на инструментот. Така, на пример, зурлата Турците ја викаат зурна, но ќе ја сретнеме и под други имиња како сурла, сурна, сурли и други слични имиња на инструментот.

# ТАТКОВИНО (ПО СЛУХ)

Музика и текст: Павлинка Вељаноска






# ТЕМПО

Темпо (tempo) е италијански збор што во превод значи брзина.
Брзината со која се исполнуваат музичките дела се вика темпо.

**Основни темпа**

- бавно: Adagio (Адаџо)
- умерено: Moderato (Модерато)
- брзо: Allegro (Алегро)

Повеќето музички изрази се на италијански јазик и како такви се користат насекаде низ светот. Затоа со право може да кажеме дека музиката и музичкото писмо се универзален јазик за сите народи.

Темпото се запишува над петолинието по виолинскиот клуч, на почетокот на секоја музичка композиција. Може да има и промени на темпото во текот на музичкото дело.

За поточно да ја определиме брзината на нашето пеење и свирење треба да користиме метроном.

***Примери за слушање (фрагменти):***
„Бумбаров лет“ – Н. Р. Корсаков
„Турски марш“ – В. А. Моцарт
„Адаџо“ – Т. Албинони
„Чардаш“ – В. Монти изведби (виолина и оркестар) и (блок флејта и пијано).

**Задача**

- Одредете го темпото во композициите притоа употребувајте ги стручните изрази.

## НАУЧИ ПОВЕЌЕ!

Јохан Непомук Мелцл (1771 – 1883) со помош на механичарот Дитрих Николаус Винкл, направил еден специјален механизам нарекувајќи го МЕТРОНОМ.
Метрономот има форма на пирамида, со механизам сличен на часовник. Ѕвоното што се наоѓа во метрономот го одредува почетокот на секој такт. На предната страна од пирамидата има темпо-скала на која се означени броеви од 40 до 208. Овие броеви означуваат колку основни единици ќе треба да се испеат во една минута. Тоа се регулира со едно лизгачко текче кое се движи горе-долу по металната нишалка.



Механичкиот метроном е направен според основниот модел, но наменет е за деца.

Основен модел на метроном




Ако лизгачкото текче стои најдолу на металната нишалка, тогаш темпото е најбрзо. Ако лизгачкото текче го поместиме нагоре, темпото ќе биде побавно.

Со развојот на технологијата се направени и современи метрономи за потребите на луѓето и на музиката. Денес, постојат три видови метрономи: механички метроном (основен вид на метроном), електронски (дигитален) и софтверски метроном.

Софтверскиот метроном како што е апликацијата на сликата, можете да ја сретнете на вашите компјутери, доколку сакате да работите со музички програми. Денес, софтверските метрономи се употребуваат на компјутерите или на апаратите за снимање музика, па и филмови во студија за снимање музика.

Електронскиот или дигиталниот метроном може да се користи како засебен апарат или да биде вграден како составен дел во електронските инструменти, на пример, синтисајзерот.









**Гајдата** е дувачки народен инструмент што може да произведува два звука истовремено различни по висина.

Основни делови на гајдата се: **мевот, гајдарката, брчалото и дувалото**. Кај нашиот народ познати се уште со многу други имиња, но овие се најмногу употребувани.

**Кожата** или **мевот** на гајдата е основен и најпрепознатлив дел без кој инструментот не е во состојба да свири. Во нашите краишта најчесто се користи овча, но и козја кожа. Кожата е штавена и скоро секогаш е со бела боја, а нејзината големина се прилагодува според потребите на гајдаџијата.

**Гајдарката** е музички најекспониран дел на овој инструмент. Гајдарката се изработува од дрво и тоа најчесто од: шимшир (зеленика), дреново дрво, јасен и јавор. Има седум отвори на предната страна и еден отвор за палецот на задната страна, на крајот на цевката се прикачува славец. Овој дел се врзува на вратот на гајдата, а за поврзување се користи воловски рог што придонесува за цврстина, звучност и естетска убавина.

**Дувалото** служи за дување на мевот на гајдата. Тоа е тркалезно цевче изработено во разни форми, но од исто дрво како и другите делови што се изработуваат од дрво. На местото каде што дувалото влегува во гајдата се врзува кожена клапка или „липало“ кое спречува воздухот да излезе во спротивната насока.

**Брчалото** претставува важен звучен дел што ја дава бојата на звукот на инструментот. Со цел да се постигне звучно и естетско единство се изработува од исто дрво како и гајдарката и дувалото. Составено е од три дела што се раздвојуваат од две причини и тоа: за послободно да се пренесува и пред сè за штимање на гајдата. Овој дел произведува континуиран тон (вториот глас на гајдата).

**Начин на свирење на гајда**

Пред да се почне со свирење, мевот на гајдата се полни со воздух, со дување во дувалото. Откако ќе се наполни мевот со воздух, гајдата се штима на делот брчало со прилагодување на неговата должина.

Гајдата се држи под рака (мевот се дополнува со воздух одвреме-навреме). На гајдарката се свири со прстите на двете раце.

Брчалото се префрла преку рамо, преку десната рака или може да виси.

Репертоарот за гајдата се состои од народни ора и песни кои се изведуваат за време на разни веселби.



Пеце Атанасовски

**НАУЧИ ПОВЕЌЕ!**

Еден од најпознатитте гајдаџии во Македонија е Пеце Атанасовски, роден на 25 октомври 1927 година, во село Долнени (во близина на Прилеп).

За време на својот живот свирел во повеќе народни ансамбли во: Оркестарот за народни инструменти на Радио–телевизија Скопје и Народниот танцов ансамбл „Танец“. Соработувал со композиторот и професор по етномузикологија д-р Живко Фирфов и заедно одржувале летни семинари во Отешево на Преспанското Езеро за фолклорот, кои биле посетувани и од слушатели од други земји.

Во 1968 година во Ериче, Сицилија, на натпревар на 1800 гајдаџии од целиот свет го добил првото место и наградата „Златна гајда“.

Починал во 1996 година, а ќе го паметиме како истакнат фолклорист и музичар, кој неисцрпно придонесуваше во зачувувањето и негувањето на фолклорниот дух на својот народ.




Зурлата е дувачки народен инструмент што најчесто се изработува од оревово, но и од јаболково, црносливово и од јаворово дрво.

Зурлите се изработуваат во два дела: дрвена цевка, проширена на долниот крај со конусна форма, изработена од едно парче дрво, и славец, вовлечен во горниот дел на цевката.

На предната страна зурлата има седум мелодиски отвори, а осмиот, за палецот, поставен е на задната страна помеѓу шестиот и седмиот отвор. На вертикалата, на предната страна, на која се наоѓаат мелодиските отвори, се провираат три гласници или душници, а на левата и на десната уште по еден.

Вториот дел од зурлата, наречен славец (што доаѓа од славеј) се изработува од едно парче дрво во форма на буквата Т, во кое е пробиен канал (канел). Славецот се состои од глава (башл’к) и цевка - канел. Од предната и од задната страна на канелот се засечени два крака, кои формираат надолжна елипса. Во канелот е вовлечен медник. Тој се состои од покусо лимено цевче, всадено во центарот на лимена кружна плочка.



На горниот крај на цевчето се навлекува двојазична писка од трска, прицврстена на долниот крај, со притиснати краеви во форма на трапез. Славецот кај сите видови зурли се протега под вториот, односно третиот мелодиски отвор. Под лимената плочка, на медниковата цевка е намотан конец кој има задача да го зајакне медникот и едновремено да ја затвори шуплината. Кај сите зурли се среќава заеднички украс од два концентрични прстена кои имаат задача да ја означат ширината на задниот мелодиски отвор. За да не дојде до сушење на дрвото, внатрешните ѕидови на цевката се мачкаат со масло или со вода, во зависност од видот на дрвото.

Зурлата има карактеристичен, многу силен и продорен звук.

Стандардна комбинација се две зурли и два тапани. Како најкомплетен состав се смета составот од две зурли и два тапани. Едниот од зурлациите ја води мелодијата (водач), а другиот ја придружува (полагач).

**Начин на свирење на зурла**

Зурлата се држи со двете раце под агол од четириесет и пет степени во однос на видното поле. Прстите од левата рака се поставуваат на долните четири отвори, додека прстите од десната рака се поставуваат на горните отвори, а палецот на задната страна (палчен отвор). Со дување во двојазичната писка од трска се внесува воздух во инструментот, а со затворање на отворите со прстите од левата и од десната рака се добива различна висина на тоновите. Усните се допираат до металниот диск (медник), кој им помага на образните мускули и го олеснува дувањето во инструментот.



Гоце Димовски

**Задача**

◆ Слушајте музички примери со инструментите зурла и гајда и разговарајте за разликите и сличностите помеѓу овие два инструменти.

## ДИНАМИКА

Изразот динамика потекнува од грчкиот збор динамис и означува јачина. Динамичките знаци во нотниот запис се бележат со почетните букви од италијанските зборови.

Динамика е јачината на звукот со која пееме или свириме една музичка композиција.

Основни динамички знаци

pianissimo - потивко се бележи со ***pp***

piano - тивко се бележи со ***p***

mezzopiano – средно тивко се бележи со ***mp***

fortissimo - посилно се бележи со ***ff***

forte - силно се бележи со ***f***

mezzoforte – средно силно се бележи со ***mf***

Динамичко нијансирање




Крешендо е постепена промена на јачината на звукот од тивко ( ***p*** ) кон силно ( ***f*** ) или од ***pp*** кон ***ff***.

Декрешендо е постепена промена на јачината на звукот од силно ( ***f*** ) кон тивко ( ***p*** ) или од ***ff*** кон ***pp***.

Знаците за динамика се на италијански јазик и се пишуваат под петолинието под нотниот текст.

***Примери за слушање (фрагменти):***
„Болеро“ – М. Равел
„Концерт за гудачки оркестар“ (прв став „Паладио“) – К. Ценкинс
„Вечерен ѕвон“ (за пијано) – Г. Коларовски

**Задача**

◆ Одредете ја динамиката и динамичките нијансирања во композициите притоа употребувајте ги стручните изрази за динамика.

# ОВЧАРСКА ПЕСНА
(француска народна песна) - канон




Овчарска песна

Слатка песна шири ѕвон,
овчар весел пее вон.
Покрај поток стадо блее
среде небо сонце грее.
Кавал меден шири глас,
лиду, лиду, лиду ду.

Бакал плиска в јужен крај
денот топол губи сјај.
Весел овчар води в село
како облак стадо бело.
Кавал нежен шири глас,
лиду, лиду, лиду ду.

Kanon

Kënga e ëmbël zgjeron zile,
bariu jashtë i lumtur këndon.
Rreth burimit kopeja blegëron
mes qiellit ndriçon dielli.
Kavalli i ëmbël tingëllon,
lidi, lidu. lidu du.

Testia shëndrit në anë të jugut,
dita e ngrohtë e humb shkëqimin.
Bariu i lumtur ecën katundit
sikur mjegull kopeja e bardhë
Kavalli i qetë tingëllon,
lidu, lidu, lidu du.

Yaşasin okulumuz

Daha dün annemizin
kolarinda yaşarken.
Çiçekli bahçemizin
yollarinda koşarken
Şimdi okullu olduk
sınıfları doldurduk.
Sevinçliyiz hepimiz
yaşasın okulumuz.

**ПОТСЕТИ СЕ!**
Канон е пеење на иста мелодија во повеќе гласови. Првиот глас започнува и кога ќе стигне до бројот два, како што е одбележано во песната, вториот глас започнува да ја пее истата мелодија од почеток. Гласовите се бркаат, но не можат да се стигнат!

# НЕРАМНОДЕЛЕН 5/8 ТАКТ

Нерамноделен такт е ритмичка појава каде што ударите во тактот не можеме рамномерно (еднакво) да ги поделиме.



1 + 1 + 1 + 1 + 1 = 5

**ПУЛСИРАЊЕ**

Во 5/8 такт имаме пулсирање на ( 5 ) осмини во еден такт.

**ФОРМИРАЊЕ**



( 1 + 1 + 1 ) + ( 1 + 1 ) = 5
3 + 2 = 5



( 1 + 1 ) + ( 1 + 1 + 1 ) = 5
2 + 3 = 5

Во 5/8 такт се формираат две ритмички целини кои се тактираат по еден удар, при што во 5/8 такт во еден такт ќе имаме два удари. Едниот удар во примерите ќе трае малку подолго затоа што го делиме на три осмини, а другиот удар на две осмини. Можат да се формираат две ритмички комбинации три осмини плус две осмини ноти (3+2) и две осмини плус три осмини (2+3).

**ЗАПИШУВАЊЕ**

Пример бр. 1



Пример бр. 2



**Задача**

- По што се разликува пример еден од пример два, а по што се исти?

### Вежба бр. 1



### Вежба бр. 2

„Оптан топтан“




### Вежба бр. 3



### Вежба бр. 4





**Задача**

- Испејте ја вежба бр. 2 по ноти и со текст.
- Истактирајте ги вежбите бр. 3 и 4, а потоа отсвирете ги на детски ритмички инструменти.

Од детските инструменти, од групата на дувачки инструменти се употребуваат разни видови на труби (врбови свирки, свирки од корите на дрвјата, свирки од житно стебло и свирки од глина). Од групата на ударни инструменти се употребуваат: клепала, штракалки, пукалки, копче на конец и др. Од овчарските ударни инструменти се употребуваат ѕвона и клопотарци во разни големини.



## ЧКРТАЛО

Чкрталото е едноставен детски инструмент, направен од дрво. Неговата конструкција се состои од еластични штички, кои се вртат околу една осовина со запци. При удирањето на штичките од неа се произведуваат звуци.

## КЛЕПАЛО

Клепалото е инструмент, што се употребувал во православните цркви наместо ѕвоно. Звукот на клепалото се добива со удирање по дрвената или металната плоча со чекан или со стап. Се изработувал во различни форми и материјали. Поради едноставноста на овој инструмент, децата во минатото го употребувале во разни детски игри.







## ЃЕМАНЕ ОД ПЧЕНКА

Овој детски инструмент е всушност, сезонски, бидејќи е условен од периодот во кој цвета пченката. Се прави од свежи или малку потсушени стебла од пченка. На стеблото му се отсекува делот меѓу коленцата, а потоа, на средината се потсекуваат две „струни“ и под нив се поставуваат две дрвца.

Важно е стеблата да не се исушат, бидејќи тогаш не ќе може да се добие саканиот звук. Исто така, се прави и „гудало“, па двете обработени стебла се стругаат едно од друго и на тој начин се произведува звук кој наликува на некакво чкртање, цимолечки глас со неодредена висина.

Инструментот го користат исклучиво децата како детска играчка.

## ЅВОНЦИ

Едни од најстарите и најраспространетите удиралки се ѕвонците. Можат да бидат во различни големини. Ѕвоното се лие од бронзена легура, железо, злато или сребро. Тонот се произведува така што се удира однадвор по телото на инструментот којшто виси, или, пак со повлекување на клатното кое е закачено за неговата внатрешност.



## ПРАПОРЕЦ

Прапорецот претставува тркалезна шуплива топка од бронза, во која се наоѓа кугличка, којашто при тресқањето се удира од внатрешноста на топката и на тој начин произведува звук. Се закачува околу вратот на коњите и на другите животни.

## БИЛИЈА

Билијата е детски инструмент. При неговата изработка, прво се прави кружна плочка, во која од едната страна се длаби кружен отвор во кој се става фосфор од кибритово дрвце. Околу плочката се обвиткува жица или конец, којшто ја држи плочката да не одлета при налетот на ударите.



На слободниот крај на жицата се провлекува мало клинче, со кое се удира во отворот направен од фосфор. Со ударите, фосфорот се активира, се пали и предизвикува пукање. Билијата се среќава во јужните и југоисточните краеви на нашата земја и тоа по Првата светска војна.

## СВИРКА ОД ПРАЗ

Детска свирка, која се прави од стеблото на празот. Палецот се провлекува под тенката кожичка, но на тој начин што не излегува на другиот крај, туку само на правиот отвор меѓу тенката кожичка и дебелата кора. Отворот се става на усните и со вовлекување на воздухот, се добиваат пискави птичји тонови.

## ШТРАКАЛКА

Штракалката се прави од младо стебло на пченка. Долниот дел служи како држач, а горниот дел се расекува на два или три дела. Се свири со брзи и кратки движења на раката при што се добива многу интересен звук.



# МУЗИЧКИ ЦЕЛИНИ: МОТИВ, ФРАЗА, МУЗИЧКА РЕЧЕНИЦА И ПЕРИОД

## ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ: МОТИВ И ФРАЗА

**Мотив е најмала ритмичко-мелодиска целина.**

Мотивот треба да биде впечатлив, интересен и препознатлив. Честопати се јавува во текот на композицијата и служи за изградба на поголеми музички целини.

**Фраза е најмала метричко формална целина.**

Фразата или двотакт е изградена од два мотиви и среќаваме повеќе фрази во текот на композицијата.

<table>
<tr><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td></tr>
<tr><td colspan="2">фраза</td><td colspan="2">фраза</td></tr>
<tr><td colspan="4">МУЗИЧКА РЕЧЕНИЦА</td></tr>
</table>

**Музичка реченица** е заокружена музичка мисла која има завршеток-крај. Таа е составена од помалите музички елементи: мотиви и фрази.

Имаме два вида музички реченици: мала музичка реченица составена од 4 тактови и голема музичка реченица составена од 8 тактови.

<table>
<tr><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td><td>мотив</td></tr>
<tr><td colspan="2">фраза</td><td colspan="2">фраза</td><td colspan="2">фраза</td><td colspan="2">фраза</td></tr>
<tr><td colspan="4">МУЗИЧКА РЕЧЕНИЦА</td><td colspan="4">МУЗИЧКА РЕЧЕНИЦА</td></tr>
<tr><td colspan="8">ПЕРИОД</td></tr>
</table>

**Периодот** е составен од две музички реченици кои меѓусебно се надополнуваат и создаваат заокружена музичка целина. Музичките реченици во периодот се зависни една од друга, првата реченица како прашање, а втората реченица како одговор. Во зависност од тоа какви се речениците периодот ќе биде голем (составен од две големи музички реченици) и мал (составен од две мали музички реченици).

## ПРИСПИВНА ПЕСНА
Јоханес Брамс




***Примери за слушање (фрагменти):***
„Приспивна песна“ – Ј. Брамс (без рефрен)
„Наполитанска песна“ (1-от период) – „Детски албум“, П. И. Чајковски (хорска изведба)





**Задача**

- Научете ја песната, поделете се на две групи и наизменично пејте ги фразите.
- Со литературен текст напишете ги двете музички реченици во нотните тетратки.

## ТУРСКА И РОМСКА ПЕСНА (ПО НОТИ)

### „Keklik“/„Еребица“

Турска народна песна




### „Ava Mancar khel čhaje“/„Дојди играј со мене девојко“

Музика: Imer Traja Brizani/
Имер Траја Бризан



## „Tsãneam ti cumnicare“ / „Постев за да се причестам“

Музика: Христо Христоски – Мулар




## „Пролећно јутро у шуми“/„Пролетно утро во шумата“

Музика: М.Соколовић Игњачевић



**Да се потсетиме: скала C – dur и скала a - moll**

Тонска скала е мелодиска низа од седум тонови и еден повторен, осми тон, различни по висина.

**C-dur**




Местото на тоновите во тонската скала се вика **СТАПАЛО**.
Тие се бележат со римски броеви.

Растојанието помеѓу две стапала (соседни тонови) се нарекува **СТЕПЕН.**

Постојат два вида степена: ЦЕЛ СТЕПЕН ◡ и ПОЛУСТЕПЕН ^.

Секоја скала може да ја поделиме на два еднакви дела кои во себе ќе содржат два цели и еден половина степен. Овие делови од скалата се нарекуваат **ТЕТРАКОРДИ** *(од грчките зборови тетра [четири] корда [жица]).*

Сите дурски скали имаат своја паралелна молска скала. Молските скали започнуваат од VI стапало на дурската скала, така што VI стапало во дурската скала ќе стане прво стапало во нејзината паралелна молска скала. И двете скали имаат исти тонови, но започнуваат со различен тон.




a – moll (природен вид




I II III IV V VI VII VIII
a h c1 d1 e1 f 1 g1 a1

Вежба бр. 1



Вежба бр. 2



Вежба бр. 3

Стара француска песна



Вежба бр. 4





Кавалот е народен дувачки инструмент што се изработува од јасеново дрво и е орнаментиран (исшаран) по целата должина.

Начин на изработка: најпогодно дрво за изработка на кавалот е јасенот којшто го има во нашите краишта. Најчесто се избира дрвото коешто било повеќе изложено на сонце и се зема стебло од коренот спрема врвот. Парчињата дрво стојат повеќе години за да се исушат и потоа се пристапува кон изработка на кавалот.

Постапката за изработување на еден кавал е исклучиво по традиционални методи и со посебен рачен алат. Кавалот се изработува во повеќе димензии: 64 см, 69 см, 71 см, 75 см, 81 см. Тој е отворен од двете страни, а горниот крај на кавалот е малку стеснет и со остар раб. Овој инструмент има седум отвори за прстите на предната страна и една за палецот од задната страна.

Отворите на кавалот се рамномерно распоредени (со 2 см оддалеченост), а шестиот отвор е на средината на инструментот. Освен спомнатите осум отвори се пробиваат уште четири отвори кои се нарекуваат душници или гласници, распоредени по еден на предната и на задната страна, и по еден од десната и од левата страна. Овие четири отвори се нарекуваат акустични, бидејќи од нив излегува звукот надвор.
Откако ќе се добие финалниот производ задолжително следува шарање на кавалот по надворешната страна според која кавалџијата ќе го препознае својот инструмент.

**Начин на чување на инструментот:** За да се заштити кавалот од свиткување, се навлекува на дрвено стапче кое се нарекува арбија. На крајот на краците на арбијата се дупчат отвори во кои се провлекуваат крпчиња натопени со масло. Арбијата има двојна улога: да го заштити кавалот од свиткување, а крпчињата натопени со масло да ги одржуваат ѕидовите влажни.



Дрвено стапче (арбија)
Се употребува како заштита и кај другите дувачки инструменти.

Кај нас за кавалот има многу да се кажува, затоа што станува збор за еден од најстарите и најупотребуваните традиционални дувачки инструменти во нашата земја.

Во минатото на овој инструмент најчесто свиреле овчарите за побрзо да им мине времето кога ги носеле овците на пасење.




**Начин на свирење на кавал**

При свирењето кавалот се држи со двете раце, наведнат на левата страна за околу четириесет и пет степени кон вертикалата. Со прстите од левата рака се затвораат првиот, вториот, третиот и четвртиот мелодиски отвор, а палецот се користи како потпирач. Со прстите од десната рака се покриваат петтиот, шестиот и седмиот мелодиски отвор, а со палецот осмиот отвор што се наоѓа на задната страна на кавалот.



Устата покрива три четвртини од отворот за дување на кавалот. Промената на притисокот при дување во инструментот ја менува и висината на тонот. Од интензитетот на воздушната струја зависи и висината на тонот. Кавалџиите со особен интерес ги свират широките кавалски мелодии познати како езгии кај народот, тие езгии се свират со најдлабоките тонови таканаречени со каба тонови.

Звукот на кавалот е топол, меланхоличен и пријатен за слушање. Во минатото се употребувале пар кавали со ист штим, од кои едниот ја води мелодијата (водач), а другиот ја придружува (полагач). По Втората светска војна, кавалите се користат како мелодиски ансамблови инструменти во различни инструментални состави. Денес се користи во народните песни и ора како дел од оркестарот или во соло изведба.

# ПОВИШУВАЛКА (ДИЕЗ)

# Диез (повишувалка) е музички симбол што се пишува пред тонот и го  променува името и висината на тонот за половина степен нагоре.



Кога повишуваме некој тон, истиот го менува името, додавајќи му ја наставката - is. Во овој случај тонот f ќе го промени името и ќе се нарекува fis.












**Задача**

◆ Според абецедните имиња на тоновите што ги држат човечињата, во нотните тетратки запишете ги тоновите на нивните места во петолинискиот систем и правилно употребето го знакот повишувалка.

♮ Бекар (разрешувалка) е музички симбол кој се пишува пред тонот и го враќа повишениот тон во неговата претходна положба.







Ако некој тон е повишен, а потоа сакаме да го вратиме во претходна положба, тогаш го користиме знакот за разрешување.






**Задача**

- Испејте ја вежбата.
- Избројте колку пати го забележавте знакот за разрешување (бекар) во вежбата.

# СВИРАМ ВЕСЕЛО (ПО НОТИ)

Музика: Звонимир Атанасов




Тогаш видоа
едно јаже бело
в корпа моткано
за да биде цело.

Рефрен:
Свирам, свирам весело...



## „Një lule”/„Едно цвеќе“

Музика: C. Zadeja/Ц. Задеја




II
Vaj bre djalë se ç'asht meraku,
aman, ti hala se ke provu
Me vu vesh se ç'na thonë hallku,
kishim vdekë, kishim mbaru.

III
N'zemër teme ke zanë vend,
aman, edhe qef s'po m'len me ba.
Hajde dushe, hajde shpirt
hajde t'rrina deri n'drit.

IV
N'derë t'oborrit mas kapaku,
aman, ça m'shikon me fytyrë për dhe.
Me vu vesh se shka thonë hallku,
ata flasin keq për ne.

V
Edhe mollës na i ra fleta,
aman, edhe dita na u shkurtu.
Jalla shokë e t'bajm' sefa-e,
se gjithmonë s'kena me rrnu.



# ШУПЕЛКА

Шупелката е народен дувачки инструмент сличен на кавалот (отворен од двата краја), но е со пократка цевка. Името на инструментот е земено од зборот шуплив, под кое име овој инструмент е познат кај нас.

Се изработува од оревово, дреново, јасеново или јаворово дрво. Горниот отвор на шупелката служи за дување и се нарекува устиње или рез и има стеснети и остри рабови за цепење на воздухот. По должината на инструментот се издлабени шест мелодиски отвори.

Со цел да се заштити инструментот од пукање на дрвото, на долниот и на горниот крај од инструментот се поставуваат прстени од рожна материја или се обмотува со жица.

По должината на шупелката има повеќе украсни концентрични кругови кои се наоѓаат на средината на мелодиските отвори.

Во нашата земја шупелката е многу распространета, особено онаму каде што е развиено овчарството.



**Начин на свирење на шупелка**

Тонот се произведува со дување во отворот кој е со заоблени и испапчени рабови (устиње), така што устата го покрива отворот за околу 3/4. Се свири со по три прста (средните) од двете раце. Репертоарот на шупелката се состои од импровизација на народни мелодии заедно со другите инструменти. Бојата на звукот на шупелката кај ниските тонови е мека и пријатна, додека звукот на високите тонови е остар и продорен.



Стефче Стојковски









Дудукот е народен дувачки инструмент што се изработува од дрен, јавор, зеленика, слива, јасен или други видови дрва. Потеклото му е уште во почетоците на христијанството и е присутен и распространет и во други балкански земји. Кај нас, името дудук го добил по неговиот специфичен звук, кој не е толку богат и убав како кај кавалот.

Овој инструмент се среќава во две големини: 700-780 мм и 240-400 мм (дудуче) со шест издлабени отвори.

Карактеристично за овој инструмент е изработката на делот за дување во инструментот. На задната страна од горниот дел се засекува еден т.н. „јазик“. Исто така, на горниот дел отворот се затвора со тапа од дрво (благо засечена), за да може да поминува воздухот и да поминува низ јазикот.

### Начин на свирење на дудук

При свирење инструментот е поставен вертикално пред телото, а со по три прсти (средните прсти) од левата и од десната рака се затвораат отворите и се добиваат различни тонови по висина. Звукот на дудукот е чист и пријатен за слушање.

Свирењето на дудук е прилично лесно и затоа е широко застапен низ целата држава, а особено бил употребуван од овчарите.

## ДВОЈАНКА



Дувачки инструмент кој претставува соединување од две свирки - единки, со иста должина, кои се избушени паралелно, во едно парче дрво. Секоја цевка има своја дупка - гласница и писка. Дупките за свирење пак, се бушени на тој начин што на едната цевка се наоѓаат четири, а на другата три. Постојат и двојанки каде што на едната цевка (обично десната) се бушат шест дупки, додека на другата нема. Кај тие двојанки, мелодијата се изведува на цевката со шесте дупки, додека од другата се слуша лежечки тон. Двојанката е изразит овчарски солистички инструмент, чија примена е најзастапена во источните краеви од нашата земја. Мелодиите за овој инструмент се ритмички и мелодиски слободни и погодни за изведување на импровизации.

Двојанката е дрвен инструмент, направен од слива, јасен или багрем, којшто најчесто е украсен со разни резбани украси и боени шари.

# ДВОДЕЛНА ФОРМА

Музичките целини: мотиви, фрази, музички реченици и периоди ја градат најмалата музичка форма – дводелна форма. Деловите на оваа музичка градба се бележат со дел a и дел b. Еден период, всушност, претставува еден дел, а два периоди ја формираат дводелната музичка форма. Деловите a и b можат да бидат слични или различни по звучност.

**Шематски приказ на градба на дводелна форма (ab)**






Јоханес Брамс (1833 – 1897) е познат германски композитор и пијанист. Уште од раното детство бил опкружен со музика, зашто неговиот татко свирел на повеќе инструменти, но и првото музичко образование го стекнал од него.

Во својата седма година почнал да учи свирење на пијано кај професор и имал неколку концерти. Голема важност за кариерата на Брамс ќе има познанството со Роберт Шуман. Тој напишал позитивна критика за неговите настапи и за неговото творештво.



***Грижата на Брамс кон неговиот татко***

Таткото на Брамс немал постојана работа и почесто останувал без пари, но никогаш не барал од својот син.

Во една пригода, Брамс му рекол:
*Татко, верувај ми, музиката е најголема утеха во секоја ситуација.*
*Ако некогаш се чувствуваш лошо, само прелистај ја книгата од*
*Хендл и ти гарантирам дека ќе се чувствуваш подобро.*

Кога татко му останал без пари, се сетил на зборовите од син му и во книгата со композицијата на Хендл на секоја страница имало по една пара.

,,Приспивана песна" – Јоханес Брамс

Композицијата ја напишал за глас во придружба на пијано, а текстот го зел од една народна, германска песна. Оваа композиција може да се сретне и во изведба на друг соло инструмент.

***Пример за слушање:***
„Приспивна песна" – Ј. Брамс (без рефрен)





**Задача**
- Со дигање на рака или картички додека го слушате делото одредете го почетокот на делод b.
- Научете ја песната, поделете се на две групи, едната група го пее делот а, додека другата група го пее делот b и обратно.

# ВЛАШКА ПЕСНА (ПО СЛУХ)

## „Firmanea di - n Pole“ /„Повик за бој“

Moderato

Музика: Христо Христоски – Мулар




2. Firmane din pole
   s-lja gionilji tu ashere.

3. S-lja gionjlji tu aschere,
   aschere nturtseascã.

## „Borije“/„Невесто“

Музика: Imer Traja Brizani






# ТАМБУРА



Тамбурата е жичен народен инструмент чија појава во нашата земја е поврзана со турските освојувања на Балканот. Иако донесена од Турците, тамбурата е, всушност, стар месопотамски инструмент.

Тамбурата најчесто се изработува од јаворово, липово, јабланово или крушово дрво. Таа се состои од три основни дела: труп или корпус, врат и глава. Бројот на жици може да биде 4, 5 или 6, распоредени посебно или во парови.

Во минатото тамбурите биле изработувани како една целина само од едно парче дрво, а денес се прават од три дела кои се составуваат со лепење на деловите.



Драган Даутовски

**Начин на свирење на тамбурата**

На тамбурата се свири во седечка или стоечка положба, а со прстите од левата рака се притиска по жиците додека со десната рака со трзалка се влече по жиците. Во македонската фолклорна инструментална традиција тамбурата имала улога на соло инструмент или како придружба на македонските фолклорни песни. Подоцна таа станала дел на ансамблите кои биле составени од: гајда, тамбури, тапан и ќемане и тоа како придружба на македонските фолклорни танци.

Денес тамбурите се дел од поголеми ансамбли кои ги придружуваат не само традиционалните песни и ора туку и стилизираните фолклорни танци компонирани во наше време. Бојата на звукот на тамбурата е метална и ѕвонлива.

Ќемане е жичен инструмент со крушовидна форма, на кој има оптегнато три жици, струни. Тонот се добива со влечење на гудалото по жиците. Должината на инструментот е околу 400 – 500 мм.



Мелодијата кај овој инструмент се исполнува на првата и на третата жица преку допир со ноктите од левата рака и палецот, а втората жица се користи како придружба и најчесто исполнува лежечки тон.

Овој инструмент, во некои краеви од нашата земја, се среќава под името гусла.

Ќемането е претходник на виолината, а како инструмент најчесто се среќава во источните краеви на нашата земја. Во минатото е оставена трага со ликовни претстави за ќемането.



Начин на свирење на ќемането

Се свири во седечка положба и долниот дел од трупот се потпира на левото колено. Со прстите од левата рака се притиска по жиците, а со десната рака се држи гудалото и се влече по жиците.

Ќемането се користи како придружник на народните песни, особено епските, а ретко се користи како солистички инструмент. Него го користеле и слепи гуслари кои патувале од едно место на друго и во придружба на гуслата пееле епски песни, за кои биле дарувани во натура и пари.

## ТРИДЕЛНА ФОРМА

Во триделната форма се вградени помалите музички целини: мотиви, фрази, музички реченици и периоди. Разликите помеѓу деловите можат да бидат во: темпото, динамиката, тоналитетот и други музички изразни елементи.

Имаме два вида на триделна форма:

- aba каде што првиот дел се повторува со мали промени во третиот дел;
- abc каде што сите три делови се со различен музички материјал.

Шематски приказ на градба на триделна форма







***Примери за слушање :***

„Менует во G - dur“ оп. 10 бр. 2 – Л. В. Бетовен
„Веселиот селанец“ – Р. Шуман
„Наполитанска песна“ – „Детски албум“, П. И. Чајковски





**Задача**

- Слушајте ги композициите и со дигање на рака или картички одредете го почетокот на секој нов дел.
- Разговарајте за разликите и сличностите во композициите.

## „Менует во G - dur“ оп. 10 бр. 2 - Л. В. Бетовен



Лудвиг ван Бетовен (1770 – 1827) е германски композитор и пијанист. Уште на четиригодишна возраст покажал исклучителен интерес за музиката. Тој компонирал и сам диригирал со оркестрите кои ги изведувале неговите дела. На возраст од 30 години, сосема оглувел, но и понатаму продолжил да компонира.



## „Веселиот селанец“ – Р. Шуман

Роберт Шуман (1810 – 1856), е познат германски композитор и музичар. Особено се истакнува како автор на клавирски композиции и соло песни. Тој е роден во малото место Цвикау во фамилија која имала домашен бизнис со книжарница, но неговиот татко бил вљубеник во музиката и сакал неговиот син да биде музички образуван. Првичното образование го добил од околниот пијанист, но не продолжува со музиката бидејќи неговиот татко починал. Но големата желба за музика и упорноста го прават еден од многуте познати композитори.

## „Наполитанска песна“ – „Детски албум“, П. И. Чајковски



Петар Илич Чајковски (1840 – 1893) е еден од најголемите руски композитори. Поради убавината на неговите дела се смета за еден од најсестраните и најплодните руски композитори. Значаен е неговиот придонес за развојот на рускиот балет.

Чајковски потекнува од угледното украинско семејство Чајка и бил втор син на инженерот по рударство Петар Федорович Чајковски. Иако музичкото насочување на семејството не било силно изразено, Чајковски на свое барање на 4 години добил часови по клавир. Првата музика која влијаела врз него дошла од еден механички клавир што неговиот татко го донел од Санкт Петербург. Почнал да свири на него, а семејството било одушевено, а понекогаш тој свирел подобро од неговата учителка.

# a – moll СКАЛА ХАРМОНСКИ ВИД

Имаме три вида на молски скали:
a – moll (природен вид), a – moll (хармонски вид) и a - moll (мелодиски вид).

Сите три вида на молски скали почнуваат и завршуваат на тонот ла, но се разликуваат по редоследот на цели и половина степени. Во a – moll скала хармонски вид VII стапало ќе се помести за половина степен нагоре со диез (повишувалка), така што помеѓу VI и VII стапало ќе добиеме поголемо растојание од степен и половина 1½.

## a – moll (хармонски вид)







Запомни!
Во сите хармонски молски скали седмото стапало ќе ја промени својата висина.
Целите степени ќе се наоѓаат помеѓу: I–II, III-IV, и IV-V стапало.
Полустепените ќе се наоѓаат помеѓу: II–III, V-VI и VII–VIII стапало.
Еден и половина степен ќе имаме помеѓу VI–VII стапало.

## Вежба бр. 1



## Вежба бр. 2



## Вежба бр. 3





**Задача**

- Во нотните тетратки запишете во кои тактови од вежбите број 1, 2 и 3 се среќава знакот диез.

## „Сака медо“ (канон)






## „Cazin grade“ (бошњачка песна)

Бошњачка народна песна




Da s’na tebi devetera vrata,
a deseta od suhoga zlata,
i pendžeri srmom izvezeni.

# СВЕ ЈЕ ПОШЛО НАОПАЧКЕ (ПО СЛУХ)

Музика: Д. Радовић



# КОНЦЕРТ

*Зборот концерт има две значења: концерт како музичка приредба и концерт како музичка композиција.*

Концерт е музичка, уметничка приредба на која се исполнува:

- **вокална музика,** музика која ја исполнуваат човечки гласови;
- **инструментална музика**, музика која ја исполнуваат само музички инструменти;
- **вокално-инструментална** музика, музика која ја исполнуваат човечки гласови и инструменти.

Зборот **кончерто** (**concerto**) е од италијанско потекло што во превод значи натпревар. Ако покрај зборот концерт стои и ознаката клавир, виолина, кларинет или друг инструмент, тогаш станува збор за некој вид „натпревар“ меѓу соло инструментот и оркестарот.

Второто значење на зборот концерт е музичко дело за соло инструмент и оркестар. Ова дело има своја градба: изградено е од три дела (става), каде што првиот став е брз, вториот став бавен, а третиот повторно брз (брз-бавен-брз).



Солистичкиот концерт се развил од кончерто гросо *(concertro grosso)* – каде што во текот на делото повеќе солисти му се спротивставуваат на оркестарот.

Инструменталниот концерт како музичка форма познат е од 1700 година. Напишани се прекрасни концерти за виолина и оркестар од многу познати композитори како Телеман, Вивалди и други.

Првиот клавирски концерт го напишал најголемиот мајстор на инструменталната музика Ј. С. Бах. По него можеме да ги наброиме: Бетовен, Шуман, Шопен, Чајковски, Григ, Брамс, а од помладата генерација композиторите: Рахмањинов, Барток и други.

За квалитетна интерпретација на еден концерт неопходни се врвни инструменталисти. Ќе ги спомeнеме најпознатите светски солисти: Артур Рубинштајн, Алдо Чиколини (пијанисти), Пабло Казалас, Андреј Навара (виолончелисти), Јахуди Мењухин, Леонид Коган, Најџел Кенеди (виолинисти).

Заслужно место на оваа листа зазема и нашиот врвен пијанист **Симон Трпчески**, кој како интерпретатор виртуозно изведе голем број концерти од врвни композитори. Со неговиот квалитет и виртуозност во неговите изведби, тој е чест гостин во најголемите и познати концертни сали низ светот.



***Примери за слушање :***

„Зима“ (фрагменти од сите ставови) – А. Вивалди

„Концерт бр. 1“ – финале (почетниот фрагмент: „дијалог“ солист - оркестар) П. И. Чајковски

**Задача**

- Слушнете ги делата и разговарајте за разликите и сличностите помеѓу нив.

# a – moll СКАЛА МЕЛОДИСКИ ВИД

Мелодиската молска скала се добива со повишување на VI стапало f–fis и VII стапало g–gis. Кога се движиме надолу VI и VII стапало се разрешуваат и таа е иста како a - moll природен вид.

## a – moll (мелодиски вид)
















**Запомни!**

Во сите мелодиски скали тоновите се движат нагоре и се враќаат надолу. Кога скалата се движи нагоре VI и VII стапало ќе ја променат својата висина за половина степен нагоре, а кога се враќа надолу VI и VII стапало се разрешуваат.

## Вежба бр. 1



## Вежба бр. 2



## Вежба бр. 3





**Задача**

- Во нотните тетратки запишете во кои тактови од вежбите број 1, 2 и 3 се среќава знакот диез, а во кои знакот бекар.

# ЖЕНСКИ ГЛАСОВИ

СОПРАН ※ МЕЦОСОПРАН ※ АЛТ

**Сопран** е висок женски глас кој е најподвижен, нежен и светол.




Познати домашни сопрани






Благица Поп Томова — Весна Гиновска-Илкова — Славица Петровска-Галиќ — Ана Дурловски

Познати странски сопрани







Ана Нетребко — Инва Мула — Рене Флеминг — Монсерат Кабале — Марија Калас

**Мецосопран** е среден женски глас кој има подраматична и позатворена боја на гласот.




Познати странски мецосопрани




Елина Гаранча Сесилија Бартоли

Познати домашни мецосопрани




Ирена Кавкалевска Николина Јаневска

**Алт** е низок женски глас кој има темна боја на гласот.




Познати странски алтови




Ева Подлес Кетлин Фериер

Познат домашен алт



Милка Ефтимова

Примери за слушање:
„Приспивна" – Тодор Скаловски; исполнува: Марија Муратовска-Наумовска (сопран).
Diva Song (фрагмент од филмот„Петтиот елемент"), исполнува: Инва Мула (сопран).
Арија на Керубино „Voi che sapete" („Свадбата на Фигаро") – В. А. Моцарт; (мецосопран, изведба по избор).
„Нана" – Мануел де Фаља; исполнува: Милка Ефтимова (алт).

## СНЕШКО (ПО НОТИ)

Музика: М. Лозановски




2. Само да го видиш
стравот ќе те фати,
стап во раце држи,
главата ја клати.

3. Отпрво ми беше
многу страв и тешко,
дури не се сетив
дека тој бил Снешко!



## „23 Nisan“/„23 Април“

Музика: Cengiz Ibrahim/Ценгиз Ибрахим




Başöçunızda Atatürk
Ülkümüz yüce Türklük
Milletimin en büyük
Sevdiği bir gündür bu.

23 Nisanı veren
Bugünleri göstren
Büyük Atam diyor ki:
Türk, çalısğ, övün, güven.



# УТ



Утот е жичен народен инструмент од персиско-арапско потекло. Се изработува од  оревово, крушово или друг вид дрво. Корпусот (телото) е  со мешлесто-крушовиден облик. Вратот на утот може да се сретне со различни должини. На него е залепена главата и е свиткана скоро под прав агол. На главата од двете страни има чивии на кои се затегнуваат жиците. Бројот на жиците е различен и се движи меѓу осум и дванаесет. На утот се свири со подолга  трзалка направена од козја коска.



Оливер Настовски

## Начин на свирење на утот

На утот се свири во седечка или стоечка положба, а со прстите од левата рака се притиска по жиците, додека со десната рака, со трзалка се влече по жиците.

# ЃУРАСАЗ



Повеќето народни инструменти на Балканот се смета дека ги донеле Турците. Ѓурасаз е турски народен инструмент, но исто така е многу употребуван и кај албанскиот народ кој се среќава под името шаркија.

Најмал жичен инструмент и со најпродорен звук е инструментот ѓурасаз.

Според бројот на жици постојат трижичени и шестжичени, но повеќе се користи шестжичниот ѓурасаз. Честопати ѓурата ја свири главната мелодија во оркестарот.

Димензиите се движат од 50 до 70 см. На вратот има 7 – 16 прагови-пердиња. На овој инструмент денес може да се сретне да свират и жени, што во минатото не било практика.



Канонот е арапски народен жичен инструмент со правилен трапезоиден корпус. Овој инструмент е најупотребуван кај Турците и се нарекува канун.

Најчесто се изработува од јаворово дрво. Трапезоидниот корпус на канонот е затворен со штичка од смрека и козја кожа. Над козјата кожа е поставен потпирач (магаренце) за жиците, потпрен на четири места.

Над кожата е смрековата штичка, како покривач на корпусот, на кој се затегнуваат од 24 до 27 жици, групирани по три. Канонот кај нас е донесен од турските патувачки чалгаџиски групи и најчесто се користи арапскиот канон.



Ценгиз Ибрахим

**Начин на свирење на канонот**

Звукот се произведува со влечење на жиците со прстите од двете раце. На показалецот на левата и на десната рака се ставаат специјално направени, метални напрстоци, во кои се вденати плекрони, (замена на трзалката).

Канонот е виртуозен инструмент и како таков го среќаваме и како солистички инструмент. Како ансамблов инструмент го среќаваме во чалгиските ансамбли.

Зборот **чалгија** е од турско потекло што во буквален превод значи музика, свирка.
Во нашата музичка традиција чалгијата се врзува со конкретен состав од музичари со специфични инструменти кој исполнувал староградски традиционални музички творби.

# ТОН d2



Тонот ре2 (d2) се пишува на четвртата линија од петолинието.

Начин на запишување на тонот ре2 (d2).







Тоновите ре1 (d1) и ре2 (d2) имаат исто име, но се разликуваат по висината и по местото на пишување.

Вежба бр. 1



Вежба бр. 2



Вежба бр. 3



Вежба бр. 4



Вежба бр. 5



# МАШКИ ГЛАСОВИ

## ТЕНОР ◆ БАРИТОН ◆ БАС

**Тенор** е висок машки глас со голема подвижност и светла боја на гласот.





Благој Нацоски


Цветан Стојановски


Ѓорѓи Цуцковски

Познати домашни тенори

Познати странски тенори


Хозе Карерас


Лучијано Паваротти


Роналдо Вилазон


Саимир Пиргу


Енрико Карузо

**Баритон** е среден машки глас кој има подраматична и позатворена боја на гласот.




Познати домашни баритони



Ристе Велков Борис Трајанов

Познати странски баритони



Димитриј Хворостовски Пласидо Доминго

**Бас** е низок машки глас кој има многу темна боја на гласот **и** не е многу подвижен.




Познати домашни басови



Игор Дурловски Ѓорѓи Божиков Владимир Саздовски

Познати странски басови



Ервин Шрот Фјодор Шаљапин

**Примери за слушање:**
„O, sole mio“ – Едуардо ди Капуа, исполнува Лучијано Паварoти (тенор)
„È la solita storia del pastore“ од операта „Арлезијанка“ – Ф. Чилеа; исполнува: Самир Пиргу (тенор)
Арија на Тореадор од операта „Кармен“ – Ж.Бизе; исполнува: Лорен Наури (баритон)
Монолог од операта „Цар Самуил“ – К. Македонски; исполнува: Ѓорѓи Божиков (бас)

# ТОН е2



Тонот ми2 (е2) се пишува во четвртата празнина од петолинието.

Начин на запишување на тонот ми2 (е2).







Тоновите ми1 (е1) и ми2 (е2) имаат исто име, но се разликуваат по висината и по местото на пишување.

Вежба бр. 1



Вежба бр. 2



Вежба бр. 3



Вежба бр. 4



Вежба бр. 5



## ЧИФТЕЛИЈА / QIFTELIA





Чифтелијата е албански народен инструмент што може да се спореди со македонската тамбура. Името го добила според бројот на жиците, кои се две, а на албански чифт значи пар или број два.

Изработена е од дрво. Долната жица е пониска по висина и обично служи како бордун, за придружба, додека горната жица со повисок тон служи за изведба на мелодијата.

На чифтелијата се свири во седечка позиција со вкрстени нозе и најчесто се изведуваат лирски и епски народни песни. Чифтелијата е машки инструмент, бидејќи скоро секогаш на него свират мажи.

## ЛАУТА / LAHUTA



Лаутата е жичен народен инструмент. Телото на инструментот е изработено во крушковидна форма на која има затегнато животинска кожа, лаутата има една жица и гудало. Се свири во седечка положба при што инструментот е благо навален кон телото во исправена положба. Со десната рака се влече со гудалото по жиците, а со прстите од левата рака се притиска по жицата.

Свирењето на овој инструмент е секогаш придружувано со пеење на народни песни, кои по содржината се епски песни, легендарни и историско-јуначки песни. Се среќава кај повеќе балкански народи, а карактеристична изработка на овој инструмент има кај албанскиот народ. Тие горниот дел на инструментот (главата) ја украсуваат со додаток на козја глава или глава на јастреб.



Лаута изработена од тиква.

## АЛБАНСКА ПЕСНА (ПО СЛУХ)

### „Babagjyshi“/„Дедо“

Музика: Adem Imeri/Адем Имери



## Да се потсетиме: ИНТЕРВАЛИ

**Интервал е растојание помеѓу два тона.**
Големината и името на интервалот зависи од бројот на опфатени тонови во низа.
Според тоа интервалите се именуваат како: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима и октава.
Интервалите може да се запишат на два начина: мелодиски и хармонски.



Интервалот се именува според бројот на тоновите (стапалата) од кои е составен, а се запишуваат првиот и последниот тон од интервалот.

прима



секунда



терца



кварта



квинта



секста



септима



октва



Начин на запишување на интервалите

мелодиски



Мелодиско запишување на интервалите е кога нотите се пишуваат еден по друг.

хармонски



Хармонско запишување на интервалите е кога нотите се пишуваат еден над друг.

**КВИНТА**

Интервалот **квинта** е растојание од пет тонови.
Зборот е од италијанско потекло што во превод значи петти.



Вежба бр. 1



Вежба бр. 2





**Задача**

- Испејте ги вежбите.
- Во нотните тетратки напишете во кои тактови од вежбите број 1 и број 2 го пронајдовте интервалот квинта.

# ПОДЕЛБА НА ХОРОВИ

Хор е вокален ансамбл составен од поголема група пејачи (хористи) кои исполнуваат повеќегласни хорски композиции, со или без инструментална придружба.
Според намената и репертоарот што го изведуваат, хоровите можат да бидат: училишни, оперски, црковни, професионални, радио-телевизиски, академски итн.

ПОДЕЛБА НА ХОРОВИТЕ СПОРЕД ВИДОТ










А капела (a cappella) пеење без придружба на музички инструменти.



Женскиот хор е составен од возрасни женски гласови: *сопрани, мецосопрани и алтови.*

Женскиот хор може да изведува двогласни, тригласни, четиригласни и повеќегласни хорски композиции. Честопати се случува композициите напишани за женски хор да ги изведуваат и детските хорови и обратно, затоа што имаат многу слични вокални карактеристики.



„Селска суита“ – Стојан Стојков



Музичкото образование го започнува во Средното музичко училиште во Скопје, каде што дипломира на отсекот пијано. Паралелно посетува часови по композиција кај проф. академик Властимир Николовски. По завршувањето се запишува на Музичка академија во Белград каде што дипломира композиција. Творештвото на Стојан Стојков е обемно и разновидно, опфаќајќи од помалите форми до поголемите, оркестарски, вокално-инструментални и сценски дела. Во сите нив, релациите на фолклорот се речиси неизбежни.

Сепак, главниот пробив го направи во 1968 година со делото „Селска суита“ за женски хор, со којашто од една страна укажа дека фолклорот ќе биде негова трајна преокупација, а од друга – дека неговата примена во неговите дела ќе има автентични и оригинални црти.

„Селска суита“ остана единствен пример во македонската музичка литература и трајно се вгнезди во репертоарот на многубројните хорски ансамбли во земјава и во светот.

## ДЕНЕС НАСАДИВ ДРВО (ПО НОТИ)

Музика: Д. Миркоски




Ако садите вие
нема што да се крие.
Воздухот ќе биде чист,
од секој различен лист.



„Gomari i xha Fezës“ / „Магарето на чичо Фејзо“

Музика: Adem Imeri/Адем Имери




Fëmijët e kuptuan kët mahi....
dhe ue qesh i thanë:
Gomarin ne s'ta ngucim
se të kem fqi
dhe në mahi i thanë:
Rueju se po të len pa shtëpi!

## ТАПАН




Тапанот е народен ударен инструмент кој има своја специфична изработка на нашите простори.

Тапанот е направен од празен дрвен валјак, преку чии отвори се оптегнати штавени кожи, козји или овчи. Кожите се затегнати со дрвени обрачи. Затегнувањето на обрачите се прави со канап што се спровира наизменично под горниот и под долниот дрвен обрач, со што се формираат триаголници.

Тапанот, најчесто се изработува во две големини: голем тапан со пречник од 500 до 550 мм., и мал тапан (тапанче), со пречник од 300 до 350 мм.

Овој начин на изработка и облик на тапанот е карактеристичен за нашето поднебје.




**Начин на свирење на тапанот**

На тапанот се исполнува само ритам. Се чука со помош на две дрвени удиралки од кои едната е подебела и се вика кукуда (изработена во форма на луле од оревово дрво), а другата е тенка прачка (од дреново или врбово дрво).

Со десната рака се удира со кукудата на десната распната кожа, а со левата, со прачката на левата распната кожа.

Бојата на тонот зависи од затегнатоста на кожата. Кај големите тапани е тап, а кај малите – висок и посветол.

Тапанот е инструмент што го поддржува ритамот во фолклорните песни и игри. Во минатото тапанот најчесто бил во комбинација на две зурли и гајда. Денес тапанот е составен дел во различни ансамбли кои вклучуваат и други инструменти. Тапанот, најчесто се јавува како придружен инструмент, а многу ретко како солистички.



Гоце Узунски

## НАУЧИ ПОВЕЌЕ!

Според многу истражувања констатирано е дека тапанот потекнува од неолитскиот период, додека според некои документи, се смета дека тој е познат и кај најстарите цивилизации. Тапанот се среќава во Месопотамија, во стариот век, во цртежите на старите Египќани, во индиските скулптури, со што се потврдува значајната улога на инструментот во тие средини, стотици години пред нашата ера.

Во минатото, тапанот не се користел само како инструмент за поддржување на ритамот на песните и игрите, туку и како инструмент којшто со постојан ритам ја придружувал заедничката работа на мажите, како и марширањето. Тој, исто така, бил употребуван во некои религиозни ритуали како на пример: растерување на лошите духови, комуницирање со духовите на боговите и предците. Тапанот честопати се користел и како сигнализациско средство за: добри и лоши вести, временски непогоди, почеток на борба, враќање од војна и друго.

**Задача**

◆ Слушајте музички примери со инструментот тапан во комбинација со други инструменти и разговарајте за разликите и сличностите помеѓу инструментите.

# МАШКИ ХОР

Машкиот хор е составен од возрасни машки пејачи - тенори, баритони и басови. Машкиот хор може да изведува двогласни, тригласни и четиригласни композиции. Овој хор има моќна и темна боја на хорова звучност.





„Хор на ловциите“ од операта
„Волшебниот стрелец“ - К. М. фон Вебер

Карл Марија фон Вебер (1786 – 1826) е германски композитор, диригент и пијанист. Оваа опера се смета за прва германска „национална“ опера во три чина на германски јазик.

Во операта се зборува за Макс, кој е заљубен во Агата, ќерката на шумарот Куно. Тој сака да го наследи Куно како шумар и да се ожени со Агата, но услов за тоа е да победи на натпреварот во стрелање. Во првиот обид не успева. Каспар ја продал својата душа на злобниот дух Замијел. Тој го уверува Макс да употреби магични куршуми за да победи, а Макс тоа го прифаќа.

# МЕШАН ХОР

Мешаниот хор го сочинуваат двата еднородни хора (женскиот и машкиот) обединети. Тој претставува најмасовен вокален ансамбл со богат колорит и голема звучна моќ. Има голем потенцијал за истражување на литературно-музички содржини. Мешаниот хор има поголеми изразни можности од женскиот и од машкиот хор.





„Македонско оро“ – Т. Скаловски

Тодор Скаловски (1909 – 2004) дипломирал на музичката школа во Белград. Диригентско искуство стекнал подоцна кај Ловро Матачиќ и на Конзерваториумот „Моцартеум“ во Салцбург. Како композитор Скаловски има високи достигнувања особено во хорското музичко творештво. Автор е на голем број инструментални, вокални, вокално-инструментални и сценски композиции. Тодор Скаловски има поголем број одликувања и награди, а композицијата „Македонско оро“ има шест изданија во земјата и едно во Советскиот Сојуз.

„Адиемус“ – К. Џенкинс



Карл Џенкинс (1944) е англиски музичар и композитор. Своето музичко образование го заокружил на Кралската музичка академија, каде што е музички соработник и професор.

Џенкинс ја напишал „Адиемус“, песна за новото време. Текстот за песната не е напишан на конкретен јазик, туку е составен од слогови и зборови измислени од авторот. Тие се совпаѓаат со музиката. Џенкинс работел на ова дело кога му било предложено да пишува за „Делта ерлајнс“ (авиокомпанија). Ова дело денес е многу популарно поради големиот број на изведби.

## БОШЊАЧКА ПЕСНА (ПО СЛУХ)

„Moja domovina“/ „Мојата татковина“

Музика: Hana i Dinko Čizmić/
Хана и Динко Чизмиќ



„Luaj me diellin“/„Играм со сонцето“

Музика: Remzi Nushi/Ремзи Нуши




I
Dielli vjen më zgjon
loz me syt e mi
duart zgjat hap sytë
t’kap rrezet e tij.

ll
Kur rrezja më zgjon
ajo m’buzëqesh
syçkat m’ledhaton
unë e përshëndes.

lll
Mik e kam dhe e dua fort
me rrezet e tij
mua drit m’fal gjithnji.



# ИНТЕРВАЛ СЕКСТА

**СЕКСТА**

Интервалот **секста** е растојание помеѓу шест тонови.
Зборот е од италијанско потекло што во превод значи шести.



Вежба бр. 1



Вежба бр. 2








**Задача**

- Испејте ги вежбите.
- Од секоја табла што ја држат човечињата според абецедните имиња, во нотните тетратки изградете сексти (тактовите со изградените интервали нумерирајте ги според бројот до секое човече).

**СЕПТИМА**

Интервалот **септима** е растојание помеѓу седум тонови. Зборот е од италијанско потекло што во превод значи седми.



Вежба бр. 1



Вежба бр. 2








**Задача**

- Испејте ги вежбите.
- Од секоја врекичка што ја држат човечињата според абецедните имиња, во нотните тетратки изградете септими (тактовите со изградените интервали нумерирајте ги според бројот на врекичката).

# ИНТЕРВАЛИ (МУЗИЧКИ ЗАДАЧИ)

**Задача**

◆ Решете го крстозборот во нотните тетратки. Броевите ви го означуваат името на интервалот што треба да го внесете во даденото поле.

◆ Откријте кој интервал недостасува во крстозборот.




**Задача**

◆ Според абецедните имиња во рацете на човечињата во нотните тетратки изградете интервали. Нумерирајте ги според броевите до секое човече, има и таква можност да изградите и два интервалои од абецедните имиња на едно човече.




**Задача**

◆ Во нотните тетратки според броевите напишете го интервалот по име.

1


2


3


4


5


6


„Интервали“







## ВЕЖБА СО ЧЕТВРТИНА СО ТОЧКА





Тарабуката е ударен народен инструмент изработен од глина во форма на вазна. Во денешно време имаме тарабуки од бакар, од алуминиум, оптегнати со пластика. Египетскиот назив за овој инструмент е дарабуке, а арапскиот дарабуках.

На нашите простори, корпусот на тарабуката се изработува од глина, од која едната кружна страна е затворена со штавена кожа, најчесто јагнешка, или е оптегната пластична фолија, а другата страна е отворена.

Тарабуката се состои од два дела: горниот дел во форма на тимпан, со кружен отвор, затворен со штавена кожа, поставен на празна цевка проширена при крајот.

Вкупната височина на тарабуката варира меѓу 200 и 450 мм. Корпусот на тарабуката може да биде украсен со шари или еднобојно обоен.





Гоце Узунски

**Начин на свирење на тарабуката**

Тонот се произведува со удирање по распнатата кожа, наизменично со прстите од левата и десната рака.

Тарабуката, најчесто при свирењето, се држи под левата мишка, врзана со врвца префрлена преку рамото, но се среќеваат и други начини на држење на инструментот.

Денес, тарабуката често се користи како ритмички инструмент во различни состави на народните оркестри.

Денешните истражувања упатуваат на заклучокот дека на нашите простори тарабуката ја пренеле патувачките турски ансамбли.

# ДАЈРЕ



Дајрето е ударен народен инструмент со дрвен обрач, на кој се поставени лимени кружни плочки и кој од едната страна е затворен, со штавена козја кожа.

Дајрето се состои од два дела: дрвен, кружен обрач и кожена мембрана. Свиткувањето на кружниот обрач на дајрето се врши на два начина: термички и механички.

Затворањето на рамката во кружна форма исто така се врши на два начина: краевите на рамката се истанчуваат во спротивни насоки во форма на коси рамнини, па потоа се залепуваат. Примитивниот начин што го употребуваат Ромите и непрофисионалните изработувачи се состои во преклопување на краевите еден врз друг.

Мембраната, со која е затворен обрачот од едната страна, е штавена јарешка кожа. По средината на обрачот се длабат празнини во кои се ставаат лимени кружни плочки.

Во народната традиција дајрето се смета за женски инструмент.







**Начин на свирење на дајрето**

Звукот се произведува со наизменичен удар со левата и десната рака. Свирачот удира по дајрето со рачниот зглоб и прстите.

Дајрето се јавува како придружен инструмент.





„O ti det”- qytetare shkodrane/„Ти, море“

Албанска старoградска песна




Sa vaporre, sa xhemije
mbi tz shkojnë e bajnë zullum.
Aman-e
Ti ke hyqëm me i përbi-e,
por je i jan duron shum.

Kapiten o djal i ri-e
merr dylbin e ban sejra.
Aman-e
Don me m’lujtun ment e kres,
kur e shoh tallasin tand.

Det i bardh-e, det i zi-e
ka shumë gjana që kushtojnë.
Aman-e
Gjenden peshqit brenda n’te,
s’ka kandar që i peshon.

„Прекрасна игра“

В. А. Моцарт






## СОДРЖИНА


Анегдоти
Другарство (по слух) ........................................4
Во природата Л.В.Бетовен ..............................5
Четвртина нота со точка ................................6
Детска желба (по слух) ....................................7
Поделба на народните инструменти ................8
Татковино (по слух) ........................................9
Темпо ........................................................10
Гајда ..........................................................12
Зурла .........................................................14
Динамика ..................................................16
Овчарска песна В. А. Моцарт ..........................17
Нерамноделен 5/8 такт ..............................18
Детски традиционални инструменти
од минатото ..............................................21
Музички целини: мотив, фраза,
музичка реченица и период .........................22
Турска и ромска песна (по ноти) ...................24
Влашка и српска песна (по ноти) ..................25
Да се потсетиме: скала C – dur
и скала a - moll ...........................................26
Кавал ........................................................28
Повишувалка (диез) ....................................30
Разрешувалка (бекар) ..................................31
Свирам весело (по ноти) ..............................32
Албанска песна (по ноти) .............................33
Шупелка ....................................34
Дудук и двојанка ..........................................35
Дводелна форма ..................................36
Влашка песна (по слух) ................................38
Ромска песна (по слух) .................................39
Тамбура .....................................................40
Ќемане .......................................................41
Триделна форма .......................................42
a – moll скала хармонски вид ...................44
Песни по ноти:
Сака медо и Казин граде ..............................46
Све је пошло наопачке ..................................47
Концерт .....................................................48
a – moll скала мелодиски вид ..................50
Женски гласови ..........................................52
Снешко (по ноти) ..........................................54
Турска песна (по слух) ..................................55
Ут и ѓурасаз ................................................56
Канон ..........................................................57
Тон d2 ........................................................58
Машки гласови ...........................................60
Тон e2 ........................................................62
Чифтелија и лаута .........................................64
Албанска песна (по слух) ...............................65
Да се потсетиме: интервали ..........................66
Интервал квинта .........................................67
Поделба на хорови .......................................68
Женски хор ..................................................69
Денес насадив дрво (по ноти) .........................70
Албанска песна (по слух) ...............................71
Тапан ...........................................................72
Машки хор ...................................................74
Мешан хор ...................................................75
Бошњачка песна (по слух) ..............................76
Албанска песна по ноти .................................77
Интервал секста ...........................................78
Интервал септима .......................................... 79
Интервали (музички задачи) ..........................80
Свирење на детски музички инструменти ....81
Тарабука .......................................................82
Дајре ............................................................83
Албанска песна (по ноти ) ...............................84
Пееме, свириме на детски
музички инструменти ....................................85